Macedonian

# Пристап до Државната архива

STATE RECORDS NEW SOUTH WALES

## Државната архива

Државната архива е единствен и незаменлив дел од нашето културно наследство.  Во неа се документираат деловните работи на владата на Нов Јужен Велс - и нејзината взаемна соработка со луѓето и групите во нашето општество - од пристигнувањето на Првата Флота во 1788 до денес.  Архивата претставува 'суровина на историјата'. Таа е дел од нашите заеднички спомени.

Следните документи се само неколку од видовите на документи што можат да се најдат во државната архива:

- записници од затвореничкиот систем, како што се договори и документи за помилување на затвореници од Првата Флота
- документи што ги формираат нашите системи на влада и правда, како што се Charters of Justice (Повелбите на правда) од 1787, 1814 и 1823
- клучни извори на информации за луѓето и животот, записниците од пописот на иселнието во 1828 и 1901
- извештаи за истражување и населување на земјата, како што се географската карта на Филип од 1792 на Сиднеј и извештајот на Sturt за неговото патување во Јужна Австралија во 1838
- извештаи за големи настани во нашата историја, како што беше распуштањето на Владата на Lang во 1932
- планови на јавни згради, од згради од раното колонијално време до Операта во Сиднеј и понатаму.

Државните архивски материјали ги има во сите формати - досиеја, фотографии, географски карти, постери, планови, филмови, звучни снимки и електронски записи.

Луѓето го користат државниот архивски материјал од различни причини.  Јавни, академски, семејни и локални историчари, општествени и научни истражувачи, луѓе кои ги утврдуваат своите права и овластувања, автори,  медиумите, ученици - сите тие се неколку од редовните корисници на државната архива.  Државните организации, исто така, екстензивно го користат архивскиот материјал.

## Вашето право на достапност

*State Records Act 1998 (Законот за државни документи од 1998)* го воспоставува општото право на користење на државни документи што се наоѓаат во'open access period' ('период на слободен пристап') т.е. што се најмалку 30 години стари. Меѓутоа, сите вакви документи не се достапни за јавна употреба. Некои од нив содржат информации, како што доверливи лични податоци, за кои е потребно да не бидат достапни за подолг период.

Државните организации ги проценуваат документите за кои се одговорни, вклучувајќи ги и оние што ги чуваме како државен архивски материјал, за да утврдат дали се уште се чувствителни. Од нив се бара да одредат 'access direction' ('достапност на документите') со што утврдуваат дали документите се достапни за јавна употреба или не. Ако сакате да користите документи постари од 30 години, за кои не треба да се одреди достапност, можете да поднесете молба за да се одреди 'open to public access' ('достапност за јавна употреба').

Понекогаш, државните агенции одобруваат предвремено користење на документи што се помалку од 30 години стари. Тие исто така можат да дозволат да се добие специјален пристап до документи кои биле одредни како 'недостапни за јавна употреба' под одредени околности.

Да ви помогнеме да ја одредите достапноста на документите, ние чуваме регистер на упатствата за достапност. Јавноста може да го користи регистерот.

Законот за државни документи не влијае на правата на пристап според *Freedom of Information Act 1989 (Закон за слобода на информации од 1989).*

## *Заштита на архивскиот материјал*

Со цел државниот архивски материјал да се заштити од оштетување, понекогаш јавноста не може да го користи. Во замена, секогаш кога е можно ќе ви дадеме копија.

## *За повеќе информации*

Нашиот персонал може да ве информира за вашите права на користење на државниот архивски материјал и дали постојат рестрикции на документите што сакате да ги видете. Повеќе информации, исто така, можат да се добијат во Archives in Brief 9 *(На кратко за архивскиот материјал, бр.9)*, како и на нашата World Wide Web site.

## Каде можете да го користите архивскиот материјал

### *Во нашите Search Rooms* *(Простории за пребарување)*

Ние имаме две простории за пребарување - една во централен Сиднеј и една во западен Сиднеј - каде што можете да го разгледате државниот архивски материјал во оригинал и во дупликат.

### *Во регионален НЈВ*

Постои мрежа на Regional Repositories (Регионални ризници) што се наоѓаат во институциите домаќини во Armidale, Newcastle, Wagga Wagga, Wollongong и Broken Hill, во кои се чуваат и можат да се користат државен архивски материјал значаен за регионалните области, како и копии од главниот државен архивски материјал.

Поединости можат да се добијат во *Archives in Brief 14 (На кратко за архивскиот материјал, бр.14)* и на нашата World Wide Web site.

### *Во локалните заедници*

Ние овозможивме дел од најкорисниот државен архивски материјал за семејна историја да биде достапен како Archives Resources Kit *(Пакет за генеолошко испитување).* Повеќе од 100 јавни библиотеки и други организации низ НЈВ служат како места од каде заедницата може да пристапи до Пакетот и копии од друг државен архивски материјал.

Поединости за тоа што содржи Пакетот може да се добијат во *Archives in Brief 12 (На кратко за архивскиот материјал, бр.12),* а местата каде што се наоѓа Пакетот се наведени во *Archives in Brief 15 (На кратко за архивскиот материјал, бр.15).* Овие податоци исто така можат да се добијат на нашата World Wide Web site.

### *Во вашиот дом или канцеларија*

За аматерите кои покажуваат посебен интерес или за професионалните истражувачи, пакетот *Genealogical Research Kit* и копии од друг државен архивски материјал можат да се купат на микрофилм.

### *Копирање*

Во нашите простории за пребарување ви нудиме секакви видови на копирање. Иако основниот пристап до државниот архивски материјал е бесплатен, за копирањето се наплаќа.

## Како да го најдете архивскиот материјал што ви треба

Нашиот професионален персонал ќе ви помогне и ќе ве советува во врска со вашето испитување.  Можете да разговарате со некој архивист за упатување во една од Просториите за пребарување или можете да ни телефонирате, да ни се обратите со писмо, по факсимил или по e-mail.

### *Помагала за наоѓање на материјали*

Ние, исто така, имаме различни помагала за наоѓање на материјали што ќе ви помогнат да го најдете архивскиот материјал што го барате.

Прирачникот *Concise Guide to the State Archives of New South Wales (Краток прирачник за државниот архивски материјал на Нов Јужен Велс)* е нашето опсежно помагало за наоѓање на материјали од државната архива.  Постојат многу други прирачници на одредени теми и нови информативни листови, што се викаат *Archives in Brief.*  Во дополнение, во Просториите за пребарување може да се најдат каталози и списоци на предмети од сериите на архивски материјал што најмногу се користат.

Краткиот прирачник, многу од другите прирачници и бројот на каталози што се зголемува секојдневно, можат да се најдат на нашата World Wide Web site.

### *Билтен*

Нашиот тримесечен билтен е Vital Signs *(Сега и тогаш).*  Тој ви овозможува да бидете во тек со тоа како ги подобруваме нашите услуги, со програмата на активности и со новите работи во архивите.

### *Предавања, практични семинари и разгледувања*

Ние спроведуваме програма на редовни предавања, практични семинари и разгледувања.  Побарајте ја тековната програма на активности на нашата World Wide Web site, во просториите за пребарување и во Vital Signs.

### *На Интернет*

Нашата World Wide Web site е нашата 'вистинска влезна врата'.  Во неа ги има нашите 'on-line' помагала за наоѓање на материјали, информации за услугите и активностите и многу други работи.  Ние интезивно работиме на тоа повеќе од нашите услуги - како и клучниот, државен архивски материјал - да бидат достапни 'on-line'.

## Каде да не најдете

### *Во централен Сиднеј*

Нашата Просторија за пребарување за Сиднеј се наоѓа во историската област the Rocks во:

The Sydney Records Centre
2 Globe Street, Sydney

*Телефон:* (02) 9673 1788
*Факсимил:* (02) 9833 4518

### *Во западен Сиднеј*

Нашата Просторија за пребарување за западен Сиднеј се наоѓа во:

The Western Sydney Records Centre
143 O'Connell Street, Kingswood

*Телефон:* (02) 9673 1788
*Факсимил:* (02) 9833 4518

Двете простории за пребарување имаат пристап за инвалидски колички.

### *Работно време*

Ние сме отворени од 9.00 наутро до 5.00 попладне, од понеделник до петок, и од 10.00 наутро до 4.00 попладне во сабота. Во недела и за време на државни празници не работиме.

### *На Интернет*

World Wide Web:
www.records.nsw.gov.au

E-mail: srecords@records.nsw.gov.au

### *Нашата поштенска адреса*

State Records
PO Box 516
Kingswood NSW 2747